Број на Службен весник: 161/2014
Датум на објавување: 03.11.2014

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 став 1 точка 10 и став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12 , 87/13, 164/13, 39/14, 43/14 и 132/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.10.2014 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕСОТ ЗА 2014 ГОДИНА

I. Во Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетес за 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/14), во Делот 3. ПОТРЕБНИ ТИПОВИ И КОЛИЧИНИ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС ЗА 2014 ГОДИНА, првиот пасус се менува и гласи:
„Износот на финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот, потрошен материјал за инсулински пумпи за 2014 година е 485,223,280.00 денари и неизмирени обврски 344,776,720.00 денари.“

II. Делот 3. точка 1. Камп за тип 1 дијабетес - 920 000 мкд , точка 2. Едукативни сесии во основните и средни училишта во Македонија - 630 000 мкд и табелата Договорни услуги се бришат.

Табелата Рекапитулар се менува и гласи:

| Рекапитулар | Денари |
|---|---|
| Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2014 година | 485,223,280,00 |
| Неизмирени обврски | 344,776,720.00 |
| Вкупно потребни средства од Буџетот на Република Македонија | 830.000.000,00 |

III .Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8647/1
29 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.